Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 . . . . .. 171/22), општина Богданци, на ден година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна мрежа во н.м. Стојаково со потисен цевовод до резревоар за с. Селемли, општина Богданци, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на водоводна мрежа во н.м. Стојаково со потисен цевовод до резревоар за с. Селемли, општина Богданци, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Цел на планот е :

- создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните
- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- вградување на заштитни мерки
- почитување на законските прописи
- предвидување на мерки за заштита и спасување.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

бр.
Датум:
Место: општина Богданци

Име и презиме
Градоначалник
**Блаже Шапов**